04-118/1
12.04 ... 
ПРИЛЕП

Врз основа на член 30 ст.1 алинеја 2, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници (Службен весник на РСМ бр.27/2014,бр.199/2014,бр.48/2015,бр.154/2015,бр.05/16,бр.142/16,бр.11/18,275/19,14/20,215/21 и 99/2022) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на адмнинистративната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и масималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на РСМ бр.11/2015,35/2018 и 303/2020), ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп објавува:

ИНТЕРЕН ОГЛАС БР. 1/2023
ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ СО УНАПРЕДУВАЊЕ

Се распишува интерен оглас за унапредување на административни службеници за следниве работни места:

1. Назив на работно место: **Раководител на одделение за јавни набавки**
   Звање на работно место: Раководител на одделение
   Шифра: **КДР 01 02 Б04 018**
   Број на извршители: 1

**Општи услови утврдени за работното место:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

**Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:**

- Учење и развој
- Комуникација
- Остварување на резултати
- Работење со други/тимска работа
- Стратешка свест
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- Раководење и развој
- Решавање на проблеми и донесување на одлуки
- Финансиско управување

**Посебни услови за работното место:**

- **Степен и вид на образование**: ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен

VII/1 степен од областа на: правни науки, економски науки, организациони науки и управување (менаџмент).

- **Работно искуство:** за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.
- **Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски),**
- **Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,**
- **Потврда за положен испит за административно управување,**

**Други посебни услови:** Потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

**Административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:**

- да е оценет со оценка „А" или „Б" при последното оценување
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас

**Распоред на работно време:**

- неделно работно време: од понеделник до петок
- работни часово неделно:40
- работно време со почеток во 07:00 и завршеток во 15:00 часот, а со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа

Паричен нето износ на основна плата: 32.943,00 денари

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните , можат да приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки
- потврди за успешно реализирано менторство

Заинтересираните административни службеници, пополнетата пријава, како и доказите за податоците содржани во пријавата за исполнување на општите и посебните услови за работното место (доколку истите ги немаат претходно доставено во персоналното досие), потребно е да ги достават во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас, во хартиена форма преку архивата на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп до Секторот за административно - правни, општи работи и управување со човечки ресурси,

Одделението за управување со човечки ресурси, како и до службената e-mail страница на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп: vodovodpp@yahoo.com

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоцоите во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуан од натамошна постапка по овој оглас.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување, формирана од страна на Директорот на ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп.

ЈКП „Водовод и канализација"-Прилеп
Директор
Игор Гулабоски

Јавно комунално претпријатие „ВОДОВОД КАНАЛИЗАЦИЈА" Прилеп